**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” ВО СКОПЈЕ објавува**

# КОНКУРС

## за студентски мобилности во рамки на програмата ЕРАЗМУС+

## АКЦИЈА 1: ИНДИВИДУАЛНА МОБИЛНОСТ ЗА СТУДЕНТИ

## за зимскиот семестар во академската 2026/2027 година

Во рамки на програмата **ЕРАЗМУС+ КА131** на Европската комисија, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје распишува конкурс за доделување стипендии за **индивидуална мобилност за студенти** на високообразовните институции **во програмските држави:**

- државите членки на ЕУ;
- државите членки на ЕФТА кои се и членки на ЕЕО (Норвешка, Исланд и Лихтенштајн);
- Република Србија и Република Турција.

**Конкурсот е отворен за:**

- 15 студентски мобилности за студирање

**Времетраење на студентска мобилност за студирање:** еден семестар (зимски семестар)

**Право на пријавување**

Редовни студенти на:

- прв циклус студии, со најмалку завршена прва година на студии, односно запишан трет семестар;
- втор циклус студии;
- трет циклус студии.

Мобилноста се остварува во рамки на потпишани Еразмус+ договори меѓу УКИМ и високообразовни институции во програмските држави. (**Види листа на Еразмус+ договори**)

**<u>Потребни документи за мобилност на студенти</u>**

Сите документи за аплицирање се достапни на интернет-страницата на Универзитетот: https://ukim.edu.mk/studenti/studentski-mobilnosti/erazmus/ или интернет-страницата на факултетот:

- пополнет формулар за пријавување (Student Application Form);
- уверение за положени испити на македонски јазик;
- уверение/диплома за познавање на англиски јазик или јазикот на кој се изведува наставата на ЕУ-универзитетот, издадена од признат центар/школа за странски јазици;
- уверение за редовен студент - запишан семестар/година (на македонски јазик);
- кратка биографија (Europass model);
- мотивациско писмо.

Задолжително:

- **договор за студирање** (Learning Agreement for studies), во кој се утврдува програмата за студирање, потпишана и одобрена од страна на студентот, матичниот факултет/Еразмус+ координаторот и факултетот во странство (минимум 20 ЕКТС - максимум 30 ЕКТС).

Кандидатите за студентска мобилност, за студирање, лично ја поднесуваат апликацијата **<u>во три примероци</u>** до Еразмус+ координаторот на факултетот/институтот каде што студираат, најдоцна **<u>до 17 април 2026 година.</u>**

*<u>(Еден примерок за Еразмус+ коррдинаторот, еден примерок задржува студентот и еден примерок се доставува до Ректоратот на УКИМ)</u>*

(**Види листа на Еразмус+ координатори по факултети**).

**Селекција на кандидатите**

Првичната селекција/рангирање на кандидатите ја прави факултетот/институтот согласно со следниве критериуми:

- академски успех;
- познавање на англиски јазик или јазикот на кој се изведува наставата; - мотивација за реализирање на Еразмус+ мобилност.

Поради ограничениот број на мобилности на годишно ниво, а со цел поголем број на студенти да бидат вклучени во овие форми на мобилност, во процесот на селекцијата предност ќе имаат кандидатите кои претходно не користеле Еразмус+ стипендија.

Согласно со Еразмус-повелбата за високо образование 2021-2027, при селекцијата на кандидатите ќе се води сметка за вклучување на **студентите со посебни потреби и помалку можности.** (**Види: Инклузија (поддршка) на студенти со посебни потреби и помалку можности**)

Краен рок за поднесување на **<u>рангираните апликации</u>** - студентска мобилност за студирање од страна на факултетите до Ректоратот е **<u>24 април 2026.</u>**

Висината на стипендијата/грант за студентите изнесува 606-674 ЕУР месечно, согласно земјата во која се престојува.

Патните трошоци и здравственото осигурување ги покриваат лично студентите.

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ**